# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Деветтото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 јули 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 14,40 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Борозан, Ристе Бислимовски, Зоран Шапуриќ, Илјаз Халими, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Никола Груевски, Абдулади Вејсели, Орданчо Тасев, Емилија Костадинова, Славица Станковска, Иван Стоиљковиќ, Али Ахмети, Теута Арифи, Трифун Костовски, Ѓорѓи Оровчанец и Ванчо Георгиев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

По дневниот ред кој што го усвоивме прва точка е

**Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите за самобитноста на македонскиот народ и неговата безбедност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.**

А, 18-та точка која што на таа седница ја префрливме како последна е, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.

Повелете господине Талат Џафери, имате нешто процедурално.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Да господине претседателе, нешто процедурално.

Со завршувањето на 55-та седница, останвуаме на 18-та точка, односно Предлогот за изменвуање и дополнување на Законот за патнит еисправи. Мислам дека тука треба да продолжиме, бидјеки почнавме со дискусијата по оваа точка. Затоа мислам дека треба да продолжиме со таа точка од дневниот ред, а потоа да продолжиме со точката што вие ја спомнавте на почетокот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џафери, да не ме обвините дека го кршам Деловникот, вие можете, бидејки дневниот ред е така утврден, вие можете сега со 10 пратеници да побарате прво да се дискутира за таа точка.

Повелете господине Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господине претседател,

Ние ја започнавме дискусијата за дневниот ред, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи, каде Кенан Хасипи беше последен дискутант. Затоа мислам дека треба да продолжиме тука, ништо повеќе.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Џафери, вие сте во право, сега бев известен, бидјеки одамна беше, дека е започната расправа по оваа точка.

Затоа, **продолжуваме со расправата по- Предлогот за донесување на законот за изменвуање и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Значи продолжувмае со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Овде има неколку пријавени за збор, тоа е од минатиот пат, дали сакате по истиот редослед?

Тогаш  Невжед Мустафа има збор?

Не е тука, ве молам избришете го.

Џевдет Насуфи не е присутен, избришете го.

Рафет Муминовиќ не е тука, избришете го.

Славица Станковска не е присутна , избришете ја.

Сега се пријави за збор г. Марјан Ѓорчев.

Повелете.

Ве молам, сите договарања во врска ос втората точка да се прават надвор. Ве молам сите договарања да се прават надвор.

Вие не сакате да зборувате? (Му се обраќа на г. Ѓорчев, а тој одговара негативно).

Господине Спиро Мавровски барате збор?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине претседателе, јас би побарал пауза од 15 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во врска со која точка?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во врска со точката 36 која е за прогонуваните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ве молам, кога ќе дојде таа точка на дневен ред, ќе дадам пауза. Ние збориме сега по точката, расправата Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македојија, со Предлог на закон. Таа расправа е отворена и ние продолжуваме сега. Кога ќе ја затвориме расправата и кога ќе се изјасниме потој закон тогаш ќе дадам пауза.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ.

Во ред е г. претседател.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор, по оваа точка на дневен ред.

Повелете г. Аднан Ќахил, имате збор.

АДНАН ЌАХИЛ:

Благодарам г. претседателе,

Расправаме за Предлогот за донесување на законот за изменвуање и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Аднан Ќахил извинете, по трет пат ве молам господа пратеници договорите да се прават надвор од салата.

Ги молам пратениците договорите за последната точка да ги прават надвор. Господине Блаже Стојановски и госпоѓо Поповска надвор од салата да ги правите договорите.

Продолжете г. Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Се работи за тоа што имаме Предлог закон кој помина неколку фази и на комисиска расправа каде првичниот предлог во однос на тоа да можат и заедниците на свое барање на патната исправа да пишува на негов мајчин јазик првично беше одбиено, па потоа се доби мислење од Комитето за односи меѓу заедниците и откако се изгласа очигледно стана составен дел да можат и претставници од другите заедници, по нивно лично барање, да ја користат својата азбука и својот мајчин јазик.

Тоа е во ред, тоа е добро, добро е што се нарпави исчекор во тој правец, но мојата дискусија е нешто друго, кога веќе се прават вакви работи, обиди каде се повикуваме на разни рамковни конвенции и на комисиите, би требало примената и користењето на јазиците да бидат подигнати на повисоко ниво.

Сакам да кажам дека не е добро во даден сегмент да се даде можност на нивно барање, тоа го потенцирам, да можат да пишуваат и да им се пишува името и презимето на соодветен јазик и соодветно писмо.

Мислам дека правата кои произлегуваат од правата на граѓаните во една држава се многу поширoки, а пошироки се и во смисла не само на користење на својот јазик во овој дел, туку користењето на јазикот во сите сегменти на општественото живеење.

Сведоци сме, јас често пати сум дискутирал во тој правец, турците во РМ се хендикепирани и тоа на различни начини во примената на нашиот јазик и азбуката и мислам дека давањето на можност за пишување на овој јазик е едноставно дозирана демократија која се темпира врз основа на дневно-политички потреби.

Мислам дека имањето можност да се пишува името и презимето на соодветен јазик на заедниците, колку да е добар исчекор, не можеме да ги третираме изолирано затоа што ако така ги третираме ќе видиме дека повредата на потребите на заедниците во Македонија се е многу пошироки. Многу пошироки во смисла што има разни сегменти каде овој јазик не се користи, турскиот јазик во целина се помалку се користи повикувајќи се на некои одредби каде , еве најновата одредба , процентот на учеството на заедниците во општественото живеење во општините и во целина во Македонија.

Ако веќе треба и мора да ги уживаат сите права останатите заедници кои таксативно се набројани во Уставот, не би требало да има ова даваме на оваа заедница она не даваме или ова им селдува ова не им следува или врз основа на мислења или спротивствени мислења  во една фаза МВР да каже дека по Уставот не им следува тоа и тоа, па добрата волја на Комитетот дојде до израз и кажа дека тоа е во ред, дека е во духот на рамковните конвенции кои ги има потпишано Република Македонија.

Во иднина треба да се внимава, ако веќе се прават такви исчекори кон примената на демократијата, мислам дека правната примена на демократијата треба да биде во сите сфери на живеењето и тоа во користењето на јазикот, обврските и правата на заедниците во Република Македонија не би требало со она што е основа, а тоа е демократијата, не би требало да се користи во правец , демек еве сега е наша добра волја на мнозинството и некоја групација и на политичкиот елемент во дадениот момент дека на една заедница даваме таа обврска, а впрочем обврските произлегуваат и од Уставот каде граѓанинот е основа на се.

За да не бидам погрешно сватен не сум против ова, ќе гласам за овој  закон за патни исправи, но би молел со еден апел во иднина кога интересите на заедниците доаѓаат на преден план не би требало да калкулираме со дневно-политички мотиви за тоа што се вика демократски начин на живеење и правата и обврските на заедниците. Впрочем, ова е само еден сегмент од потребите на нашата заедница, зборувам за турската, додека другите сегменти едноставно би требало да следат, бидејки аплициравме во Европската Унија, таму процентите не играат никаква важна улога, не се најважни, туку таму граѓанинот е севишен на сето она што се вика нормално живеење. Еве додека дискутирам апсолутно имаме непарламетнарно однесување покажува колку и другите парламетнарци  сериозно ја сваќаат оваа работа.

На крај да не должам многу , ова е можеби еден исчекор, но можеби требаше да настане уште поголем исчекор ако проблемите на заедниците, зборувам за турската, а веројатно и за другите се гледаат во сферите на делување и на потребите она што произлегува од Уставот, од законите и би требло да бидат по применливи во секојдневниот живот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието предлагам да го усвои следнито заклучок.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат бројот?

Сега имаме кворум, како што реков го заклучив претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнито заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 57 гласале за, 7 воздржани, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, во салата секако се присутни повеќе од 61 пратеник. 55 гласале за, 4 воздржани , 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претресе по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија, поднесе амандман на член 13 став 2 за менвуање на воведната реченица и за додавање на став 3 по став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, поднесе амандман на член 13 за менвување на член 2 .

Владата не го прифати амандманот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, поднесе амандман за додавање нов член 29-а по членот 29.

Пратениците Џевдет Насуфи, Зуди Џелили, Фатмир Асани , поднесоа амандман на член 13 став 2.

Владата не го прифати амандманот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 за менвување на став 2 , член 5, член 21, член 22 во воведната реченица, член 23 точка 2 и за менување на точка 5, член 26 став 1 , член 27 став 1 и на член 29.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за менување на став 2 поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, кој што Владата не го прифати овој амандман.

Дали некој бара збор?

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 4 гласале за амандманот, 2 воздржани, 52 против амандманот.

Ве молам да се констатира бројот.

Во салата се присутни 67 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 29-а по членот 29, поднесен од Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата се се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманто се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Амандманто се прифаќа и станува составен дел от текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2 поднесен од пратениците Џевдет Насуфи, Зуди Џелили и Фатмир Асани.

Овој амандман не е прифатен од страна на Владата.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, 67 пратеници се присутни, никој не гласал за амандманот, 2 гласале воздржано 51 против амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на став 5 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ХАЗБИ ЛИКА:

Се прифаќа амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор, заменик  министерот.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 21, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се признесе.

Има збор заменик министерот.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 во воведната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам повереникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 23 точка 2 и за менување на точката 5, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 27 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот на министерот.

ХАЗБИ ЛИКА:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се монзинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 57 гласале за, тројца воздржано, нема против.

За да ја испочитуваме точката 2 од Амандманот 10, молам да се утврди бројот дали имаме мнозинство од присутните.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Значи првиот услов е исполнет бидејќи гласале 57 за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака.

За гласале 19 пратеници.

Кој е против молам да крене рака.

Нема против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој не се воздржува од гласање.

Значи во салата се присутни вкупно 19 пратеници и сите 19 гласале.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија .

**Триесет и шеста точка:** Ве известувам, бидејќи по оваа точка има голем број на предлагачи кои се од различни пратенички групи кои сеуште не се усогласиле, затоа ги повикувам кога ќе се усогласат да ми јават и јас тогаш ќе ја продолжам оваа седница.

Сега ја затворам 55-та седница.

(седницата прекина во 15,005 часот)